Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08 - 128/3
Датум: 07-03-2024

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 760/1 од 27.10.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со адреса на [redacted], за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност, раса, боја на кожа, сексуална ориентација, род, родов иднтитет и припадност на магинализирана група во пристапот до добра и услуги против [redacted] Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 07.03.2024 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на етничка припадност, раса, боја на кожа, сексуална ориентација, род, родов иднтитет и припадност на магинализирана група во пристапот до добра и услуги од страна на [redacted] кон [redacted]

## Образложение

На 27.10.2023 година во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, [redacted] даде усна изјава на Записник бр. 08 – 760/1 за поднесување на претставка за заштита од дискриминација, во пристапот до добра и услуги против [redacted]

Подносителот на претставката наведува дека на 04.07.2023 година и 24.07.2023 година влегол во објектот [redacted] – Ново Лисиче, со намера да го искористи тоалетот, кој е јавно пристапен за користење на посетителите на објектот. По напуштањето на тоалетот, подносителот се упатил кон угостителскиот објект [redacted] кој е во склоп на [redacted] На патот натаму, бил пресретнат од лица вработени во обезбедувањето на [redacted], кои на понижувачки начин му рекле да го напушти објектот. На неговото прашање, поради кои причини треба да го напушти објектот, лицата задолжени за обезбедување на објектот му одговориле дека менаџерот на објектот – [redacted] рекол дека тој е непожелна личност во објектот и поради тоа му е забранет влез во истиот. По разговорот го упатиле до излезот на влезот на објектот со понижувачко однесување и исмејување. Подносителот тврди дека настанот се случил околу 15:00 часот и дека за истиот постои видео запис од безбедносните камери во објектот. Подносителот на претставката наведува дека во минатото бил вработен како хигиеничар во приватна агенција за обезбедување – Перпетуумобиле, која агенција договорно давала услуги за одржување на хигиената во [redacted] Тој тврди дека оттаму го познава посочениот како дискриминатор – [redacted] За времетраењето на неговиот работен однос, кога ги извршувал

работните задачи во [redacted] тврди дека бил подложен на говор на омраза и сексуално вознемирување од страна на [redacted] и тоа поради неговата етничка припадност и припадност на ЛГБТИ заедницата. Врз основа на наведеното подносителот бара од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација да утврди дискриминација кон него од страна на лицето [redacted]

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 01.11.2023 година испрати Барање за произнесување по наводите од претставката со бр. 08 - 760/2 до потенцијалниот дискриминатор. Од причина што поштенската достава беше неуспешна и вратена до Комисијата со назнака „адресата е недоволна", Комисијата повторно изврши обид за поштенска достава на прецизирана адреса. Поради тоа што и вториот обид за поштенска достава беше неуспешен и со истата назнака поштата беше вратена, Комисијата изврши и трет обид за достава до потенцијалниот дискриминатор. Од тие причини на 26.01.2024 година, Комисијата изврши непосреден увид во [redacted], Трговски центар [redacted] кој е документиран во Записник за извршен непосреден увид бр. 08 – 128/1.

На увидот претставниците од Комисијата оствариja средба со [redacted]– менаџер на [redacted], кој во конкретниот предмет е посочен како дискриминатор, на која дискутираа за претставката за заштита од дискриминација поднесена од [redacted]. На почеток претставниците од Комисијата дадоа појаснување за надлежноста - увид и целите на увидот поврзани со конкретниот предмет. На посочениот дискриминатор му ја појаснија постапката пред Комисијата и конкретните наводи содржани во претставката. Од причина што доставата на Барањето за произнесување по претставката, со прилог претставката, по поштенски пат не беше успешно ниту по три обиди, истите му беа доставени лично - на рака на посочениот дискриминатор. Тој истакна дека по наводите ќе се произнесе писмено и поднесокот ќе го достави до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

На 09.02.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок за произнесување по наводите од претставката од Друштво за трговија на големо и мало и услуги [redacted] експорт – импорт Скопје ([redacted], Трговски центар [redacted]), преку полномошник адвокат [redacted]

Со поднесокот најпрво се информира Комисијата дека ресторанот [redacted] кој се наоѓа во Трговски центар [redacted], како и самиот [redacted] се подржуници на Друштво за трговија на големо и мало и услуги [redacted] експорт – импорт Скопје. Следствено на тоа, а согласно член 26, став 4 од Законот за трговските друштва наведените подружници немаат својство на правно лице и од таа причина [redacted] се произнесува по наводите на претставката.

За потврда на истото во прилог доставиле Тековна состојба издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија бр. 0805 – 50/150020240043701 од 06.02.2024 година.

Со поднесокот за произнесување во целост се негираат наводите на подносителот на претставката [redacted] дека истиот бил дискриминиран од страна на лицето [redacted] вработен во [redacted], по основ на етничка припадност и припадност кон ЛГБТИ заедницата. Појаснуваат дека причините поради кои од подносителот на претставката [redacted] било побарано да го напушти објектот, во никој случај не биле неговата етничка припрадност, ниту пак неговата ориентација во смисла на припадност кон ЛГБТИ заедницата. Причината поради која истиот бил опоменат и замолен да го напушти објектот, истакнуваат дека била неговото несоодветно однесување со кое ги вознемирувал посетителите на објектот, на начин што ги демнел, набљудувал, односно гледал додека го користеле машкиот тоалет кој е сместен во објектот. Имено, на 04.07.2023 година, посетител на објектот пријавил и се пожалил кај лицето [redacted] кој е вработен како келнер во ресторанот [redacted] дека одредено машко лице, него и неговото малолетно дете ги демнело, односно набљудувало во машкиот тоалет, додека го користеле истиот. По приемот на ваквата поплака, [redacted] за истото го известил [redacted], вработен како менаџер во ресторанот, кој го повикал обезбедувањето на објектот и заедно се упатиле во машкиот тоалет. При тоа констатирале дека машкото лице кое ги вознемирувало посетителите е подносителот на преставката [redacted]

За потврда на веродостојноста на тврдењата, во прилог на поднесокот доставиле Изјава од [redacted] заверена пред нотар [redacted] од Скопје, УЗП бр. 1395/2024 од 06.02.2024 година и Изјава од [redacted] од Скопје (вработена како хигиеничарка) заверена пред нотар [redacted] од Скопје, УЗП бр. 1363/2024 од 06.02.2024 година.

Се наведува дека од содржината на Изјавата од [redacted] се потврдува и дека по приемот на пријавата од посетителот кај келнерите и менаџерот на ресторанот, од страна на менаџерот било повикано обезбедувањето на објектот за да проверат за што станува збор, при што истите констатирале дека машкото лице кое ги вознемирувало посетителите во машкиот тоалет е подносителот на преставката [redacted] Дополнително, истакнуваат дека за потврда на наведеното говори и содржината на Извештајот за дневни настани, кој се изготвува од страна на вработените во [redacted] (кое од страна на Друштво за трговија на големо и мало и услуги [redacted] експорт-импорт Скопје, е ангажирано за обезбедување на објектот). Видно од кој, вработените во обезбедувањето потврдиле дека на 04.07.2023 година, околу 14:30 часот, биле повикани од страна менаџерот [redacted] затоа што посетители на ресторанот и објектот, кои биле заедно со своите малолетни деца се пожалиле дека лицето [redacted] непристојно и вулгарно се однесувал, на начин што ги набљудувал и загледувал луѓето додека го користеле машкиот тоалет, по што истите

ваквите забелешки му ги пренеле на [redacted] и го замолиле да го напушти објектот.

За потврда на наводите во прилог на поднесокот доставиле Извештај - Евиденција на работно време, дневни настани и забелешки за 04.07.2023 година, во Трговски центар [redacted] составена од [redacted].

Особено истакнуваат да се земе предвид фактот што таквото однесување на подносителот на претставката се повторувало повеќе пати. Наведуваат дека и пред 04.07.2023 година, до вработените во ресторанот и [redacted] биле доставувани поплаки и пријави и од други посетители кои се жалеле токму за тоа дека подносителот на претставката [redacted] ги набљудувал, демнел и вознемирувал додека го користеле машкиот тоалет во објектот. Како потврда на наведеното ја посочуваат содржината на Изјавата дадена од [redacted], која во одреден период, заедно со [redacted], работела како хигиеничарка во [redacted] Тврдат дека оттука се утврдува проблемот во однесувањето на подносителот, кој повеќе пати се јавувал, а според нивните сознанија токму тоа била причината да му престане работниот однос во [redacted]

За потврда на тврдењето дека ваквото однесување на подносителот се повторувало повеќе пати ја посочуваат содржината на Изјавата на [redacted] од Скопје, која во периодот од отворањето на Лица центарот до 2022 година била вработена како менаџерка на истиот. Имено, од содржината се потврдува дека подносителот на престставката [redacted], во тој период бил вработен во [redacted] и дека истиот ги вознемирувал посетителите на [redacted] и ресторанот, на кое нешто и самата била сведок.

Во прилог на поднесокот доставиле доказ - Изјава од [redacted] од Скопје, заверена пред нотар [redacted] од Скопје, УЗП бр. 1390/2024 од 06.02.2024 година.

Во продолжение од поднесокот се констатира дека сето наведено се потврдува и од Изјавата на [redacted], од која истакнуваат дека може да се утврди фактот дека на 04.07.2023 година, подносителот на претставката [redacted] бил пријавен од гости на [redacted], односно дека ги следел и демнел во јавните тоалети кои се наоѓаат во објектот. Конкретно, гостинот посочил дека [redacted] им се смешкал и ги гледал него и неговото малолетно дете додека ги извршувале своите физиолошки потреби во тоалетот. Од истата Изјава посочуваат на утврдување на фактот кој претходно беше наведен во поднесокот, односно дека гостинот го пријавил настанот кај келнерот [redacted] и дека во тој момент присутна била и хигиеничарката [redacted] како и дека по приемот на истата [redacted] го повикал обебедувањето, кое на [redacted] му ги објаснило причините поради кои бил опоменат. Се наведува и дека од содржината на истата Изјава може да се потврди и фактот дека несоодветното однесување на подносителот на претставката се

повторувало повеќе пати и тоа уште во периодот кога истиот бил вработен како хигиеничар во [redacted].

Овие тврдења ги докажуваат со доставување на Изјава од [redacted] од Скопје, заверена пред нотар [redacted] од Скопје, УЗИ бр.1530/2024 од 09.02.2024 година.

Освен доставените докази во прилог, полномошникот на потенцијалниот дискриминатор предлага Комисијата, согласно член 30, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација да ги повика на разговор следните лица:

- [redacted] вработени во [redacted]
- [redacted], поранешна вработена во [redacted]
- [redacted], вработени во [redacted]

За увид во просторот од јавните тоалети во [redacted] каде се тврди дека подносителот ги набљудувал и демнел гостите, полномошникот во прилог на поднесокот доставил фотографии.

Врз основа на сето наведено, полномошникот сублимира дека настанот и околностите на кои подносителот укажува во поднесената претставка, претставуваат безуспешен обид на целата ситуација да ѝ се придаде обележје на дискриминација по основ на етничка припадност и припадност кон ЛГБТИ заедницата, како и дека наведеното произлегува дека наводите за дискриминација кон подносителот се неосновани. Напротив, се истакнува дека во случајот станува збор за одговор на несоодветното и недозволеното однесување од страна на подносителот, со кое ги вознемирувал посетителите на објектот, а кое однесување се повторувало подолг временски период и кое согласно одредбите од член 190 – а , став 1 и став 2 од Кривичниот законик е забрането и казниво. Врз основа на наведеното, во поднесокот за произнесување се предлага Комисијата за спречување и заштита од дискриминација да донесе Мислење со кое не се утврдува дискриминација кон [redacted] по ниту една дискриминаторска основа.

Освен горенаведените докази, во прилог на поднесокот за произнесување по наводите од претставката беа доставени и:

- Полномошно од Друштво за трговија на големо и мало и услуги [redacted] експорт – импорт Скопје;
- Сертификат за електронски потпис;
- Барање за регистрација на електронско сандаче за користење на системот за електронска достава на судски документи и

- Решение на Министерство за финансии на РСМ, Управа за јавни приходи за регистрација на ДДВ, бр. 24 – 52/00910 од 03.09.2013 година.

Од утврдената фактичка состојба произлегува дека подносителот на претставката не го направил веројатно тврдењето за дискриминација. За да се стори веројатно тврдењето за извршена дискриминација, и за да премине товарот на докажување од подносителот на претставката кон потенцијалниот дискриминатор, во смисла на член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, **подносителот треба да докаже дека постои јасна причинско – последична врска помеѓу дискриминаторските основи и настанатата повреда**. Освен тоа, за да постои веројатност за дискриминација потребно е да постои и каузалност помеѓу понеповолно постапување и настанатата повреда, односно штета за подносителот, како и поврзаност помеѓу понеповолното постапување и дискриминаторската основа.

Фактот што подносителот не бил примен во објектот не се должи на неговите лични карактеристики, туку на неговото претходно однесување во рамки на објектот. Истото беше потврдено со докази, доставени во прилог на поднесокот за произнесување. Оттука, во случајот на подносителот на претставката не е докажана поврзаност помеѓу дискриминаторските основи, односно неговите лични карактеристики и ограничувањето за влез во објектот. Околноста што подносителот ги има конкретните заштнитни карактеристики, кои во претставката се наведени како дискриминаторски основи не се доволни сами по себе, за да се заклучи дека биле причина за понеповолно постапување кон него и ограничувањето на пристапот до објектот. Како што и погоре беше појаснето, истото е потребно да се докаже.

Од тие причини, во случајот не може да стане збор за дискриминација. Оттука произлегува дека не е исполнета законската **дефиниција за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.“*

Заради наведеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација врз основа на етничка припадност, раса, боја на кожа, сексуална ориентација, род, родов идентитет и припадност на магинализирана група во пристапот до добра и услуги од страна на [redacted] кон [redacted]

Скопје,
07.03.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk